Врз основа Статутот на Друштвото за филмски работници на Македонија Скопје, Собранието на Друштвото на 09.03.2016 година го донесе следниот :

ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА КЛУБОТ НА ФИЛМСКИ АВТОРИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуват надлежносите, начинот на свикување седница, кворум, разрешување на член и други прашања поврзани со работата на Клубот на филмски автори (во натамошниот текст: Клубот).

Член 2

Клубот го сочинуваат автори и продуценти кои се редовни членови на Друштвото и чиј статус е во согласност со Кодексот на звања на Друштвото.

Клубот се состои од најмалку 12 членови.

Член 3

Со Клубот раководи Претседател кој е избран од редот на членовите на Клубот.

Мандатот на Претседателот изнесува 4 години со можност за повторен избор.

II.НАДЛЕЖНОСТИ НА КЛУБОТ НА ФИЛМСКИ АВТОРИ

Член 4

Клубот на автори ги има следните надлежности :

- следење на трендовите на филмската уметност;
- усогласување со новите трендови;
- следење на критиките и утврдување насоки за подобрување;
- изготвување стратегии за подобрување и развој на македонската кинематографија
- други надлежности утврдени со одлука на Собранието.

III. СЕДНИЦА НА КЛУБОТ НА ФИЛМСКИ АВТОРИ

Член 5

Клубот работи на седници кои ги свикува и со кои претседава Претседателот на Клубот.

Клубот се состанува најмалку 1 (еднаш) годишно, а по потреба може да се свика и почесто.

RD

Член 6

Во отсуство на Претседателот, седницата по потреба се свикува на барање на најмалку 7 члена на Клубот. Со таа седница раководи членот на Клубот кој се избира со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

Член 7

Седница на Клубот може да биде одржана со присуство и право на гласање на членовите и преку телефонска конференциска врска.

Член 8

Седниците на Клубот се одржуваат во просториите на Друштвото или во друга претходно обезбедена просторија од страна на Друштвото а зашто членовите на Клубот ќе бидат известени најмалку 5(пет) дена пред одржување на седницата.

Член 9

Седниците на Клубот ги подготвува Стручната служба на Друштвото во соработка со Претседателот на Клубот.

Подготовката ги опфаќа следните работи:

- Утврдување на дневен ред;
- Подготовка на писмени материјали за седниците;
- Поканување / известување на членовите на Клубот и други лица (по потреба) за времето и местото на одржување на седницата.

Член 10

При утврдување на Дневниот ред, ќе бидат земени предвид предлозите кои навремено ги предложиле членовите на Надзорниот одбор, најдоцна седум дена пред одржување на седницата.

III.1.КВОРУМ

Член 11

Клубот полноважно одлучува ако се присутни над 50% од неговите членови.

Клубот одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови, освен ако не е предвидено поинаку со некоја одредба статутот.

Секој член има право на еден глас.

Член 12

Предлог одлуката содржи насоки, стратегии и мислења кои се усвоени на седницата и кои се со цел подобрување на работата на Друштвото.

Член 13

Гласањето на седниците е јавно, освен ако Клубот не одлучи по одделни прашања гласањето да биде тајно.

Одлуката за тајно гласање се носи со јавно гласање.

Член 14

За работата на Клубот се води писмен записник кој се чува во Стручната служба на Друштвото.

Член 15

Предлог одлуката од седницата на Клубот се поднесува на разгледување на Собранието на Друштвото на наредната седница.

Управниот одбор донесува одлука врз основа на формираното мислење на Собранието.

IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КЛУБОТ НА ФИЛМСКИ АВТОРИ

Член 16

Членот на Клубот е должен активно да учествува во работата на Клубот и неговото постапување да биде мотивирано со совесност и чесност.

Член 17

Членот на Клубот е должен редовно да присуствува на седниците на Клубот и има право и можност во случај на спреченост да отсуствува најмногу два пати во една мандатна година.

Членот кој осуствува има право да назначи друго лице како соодветна замена со писмено полномошно заверено со печат на Друштвото и потпис на овластено лице со наведување за која седница лицето е овластено да го претставува со право да гласа.

Член 18

Доколку Претседателот на Клубот, утврди дека одреден член на одборот намерно изостанува од седниците или не го најавил своето отсуство од најмалку две седници, должен е да го извести Претседателот на Друштвото и има право да поднесе барање за разрешување на членот и назначување нов.

V. РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА КЛУБОТ

Член 19

Член на Клубот може да биде разрешен од својата функција и пред истекот на периодот за кој е именуван и тоа :

- по сопствено барање;
- промена на професија;
- поради смрт или трајна спреченост;
- несоодветно извршување на поставените обврски;
- непридржување кон одлуките на органите и Статутот;
- одлука за разрешување донесена од Собраниетои
- престанок на Друштвото.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Постапката за измена и дополнување на овој Правилник е иста како постапката за негово донесување.

Член 21

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Претседател на Собранието,

Роберт Насков